МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-2323/11
Датум: 15.07. 2025 година

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 112/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за вработување на неопределено време**

1. За извршител на работно место Државен советник за рударство, со шифра број УПР0101Б01000 се избира Филип Петровски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работно место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за распоредување и решение за плата.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение од Агенцијата за администратција бр. 10-1069/3 од 05.6.2025 година и бр.10-1069/6 од 11.07.2025 година во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас број 319/2025 објавен на ден 23.5.2025 година, во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведентата постапка на административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на доказите и итервју, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати по број 10-1069/8 од 14.7.2025 година, врз основа на што Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на енергија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до :**
-Избран кандидат,
-Агенција за администрација,
-Архива

**Државен секретар,**
**на Министерство за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**
**Горан Јовановски**

Подготвил: Сања Чамевска
Контролирал: Јован Несторовски
Одобрил: Наташа Радуловска


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk